# ЗАПИСНИК
## од прво продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 26.02.2018 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Зоран Јаневски од ТВ Сител

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата ќе се разгледува предлог-записникот од 11--та седница кој беше одложен поради техничка неможност истиот да се изработи.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2018 година.

**Точка 1**

Советот го разгледа предлог-записникот од 11-та седница одржана на 23.02.2018 година.

Г-ди Фиданоски имаше две забелешки. На страна 12 последен пасус каде што беше парафразиран неговиот говор, во вториот ред пред зборовите „во стог сено" предложи да се додаде зборот „игла". Втората забелешка беше на страна 13 во продолжение на истиот пасус и предложи наместо зборовите „одземање на постапка" да се смени во „одземање на дозвола".

Г-дин Петрушевски рече дека според него и двете корекции се логични.

Советот со двете корекции од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои предложениот Записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-904/8**

**02-03-2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**